Врз основа на член 6 став (2) од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/18), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација за основање на приватна агенција за вработување.

Член 2

Барањето за основање на приватна агенција за вработување се поднесува на образец „Барање за основање на приватна агенција за вработување“, на хартија во бела боја, во А-4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот на барањето од член 2 од овој правилник ги содржи следните податоци:

- примател на барањето;
- наслов на барањето: „БАРАЊЕ за основање на приватна агенција за вработување“;
- податоци за подносителот на барањето (име и презиме, адреса и место на живеење за физичко лице, односно назив и седиште за правно лице);
- ден на поднесување на барањето;
- назив, вид и седиште на агенцијата која се основа;
- документација која се поднесува кон барањето;
- број, датум и место на поднесување на барањето и
- потпис на подносителот на барањето.

Член 4

Кога барањето од член 2 од овој правилник го поднесува физичко лице, во прилог на барањето се поднесува:

- диплома за завршено средно образование, од физичко лице кое ќе биде основач на агенцијата и
- доказ дека на физичкото лице, кое е подносител на барањето, не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност.

Кога барањето од член 2 од овој правилник го поднесува правно лице, во прилог на барањето се поднесува и решение за упис на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија (тековна состојба), согласно Законот за трговските друштва.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето заради неиздавање на лиценцата за вршење на привремени вработувања односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на лиценцата за вршење на привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” бр. 167/11).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 08-9443/1
7 септември 2018 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
Мила Царовска с.р.

Прилог

ДО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Б А Р А Њ Е
за основање на приватна агенција за вработување

Од ________________________________________ , од ______________ , со адреса на ул.________________________________________.

Подносителот на барањето на ден ______________ поднесе барање за основање на приватна агенција за вработување со назив: ________________________________________, вид ______________________________и седиште на ул. ________________________________________во ______________ .

Кон барањето[1] ја приложувам следната документација (обележете ги документите кои ги приложувате):

1. Решение за упис на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија
2. Диплома за завршено средно образование
3. Доказ дека не е изречена мерка забрана за вршење на дејност

Број
Датум
место

Подносител на барање

____________________

[1] Точката 1 се однесува на основач - правно лице, а точките 2 и 3 на основач – физичко лице